Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи (Службен Весник на Република Македонија број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25) и согласно Правилник за систематизација на работните места во Општина Аеродром, број 04-8001/1 од 05.12.2024 година и Годишниот план за вработување на Општина Аеродром за 2025 година (измена и дополна) број 04-331/1 од 15.01.2025 година, Општина Аеродром објавува

**О Г Л А С**
**за вработување работници на неопределено работно време**

Општина Аеродром има потреба од вработување на еден работник на неопределено време, со полно работно време на следново работно место:

1. Возач II - шифра УПР 04 03 А02 001 **- 1 (еден) извршител,** во Одделение за општи и организациони работи, Сектор за работи на градоначалникот.

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- средно образование
- возачка дозвола Б или Ц категорија
- работно искуство од  најмалку 1 година во јавен или приватен сектор

Работното време е од понеделник до петок, 8 работни часа, од 07:30 до 15:30 (од 08:30 до 16:30 часот), 40 часа неделно, а основната нето-плата изнесува 29.882,00 (дваесет и девет илјади осумстотини и два) денари.

Кандидатите за наведеното работно место покрај молба/пријава се должни да достават и соодветни докази во оригинал или копија заверена на нотар во однос на исполнувањето на општите и посебните услови, и тоа:

- кратка биографија
- уверение за државјанство
- лекарско уверение за соодветното работно место
- доказ за завршено образование што се бара за соодветното работно место
- доказ за работно искуство
- доказ за неизречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност
- доказ за  исполнување на условот за поседување на Б или Ц категорија (копија од возачка дозвола заверена на нотар).

Бараните документи да се достават во архивата на Општина Аеродром на адреса бул. „Јане Сандански“ број 109б, тел. 02/2400-970.

Уредните кандидати ќе бидат повикани на интервју.

Огласот трае 3 (три) работни дена од денот на објавувањето, а изборот на кандидат ќе се изврши во рок од 3 (три) работни дена по истек на рокот за пријавување.

Ненавремените и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

Лице за контакт Ирена Петревска, телефон 02/2401-542.

**Општина Аеродром**